# Јас, Историјата

# „Јас, Историјата“

изложба на предмети од македонското секојдневие

1900 – 1990

Јас, Историјата

НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

19 ноември 2025

# ИСТОРИЈАТА ВО ПРВО ЛИЦЕ ЕДНИНА

Основната концепциска рамка на оваа изложба, замислена како обид да се претстави дел секојдневниот живот во Македонија во 20 век – во периодот од 1900 до 1990 година – произлезе од потрагата по одговорот на едно сосема едноставно, но суштинско прашање: *Што сѐ е историја?* Ако нејзината примарна цел е да го проучува минатото, да ги протолкува и разбере настаните што го обликувале човечкото општество низ неговите политички, социјални, економски, културни, интелектуални и воени текови, тогаш таа задача нужно подразбира критичко истражување на материјалните траги – документите и артефактите – преку кои можеме да ги согледаме промените низ времето, односно да видиме како човечките постапки, одлуки и меѓусебни односи ја создале сегашноста.

Овие размислувања понатаму го формулираа и следното прашање: *Што ќе остане како материјален доказ од нашето време – од 21 век – кој во голема мера се базира на дигитални записи, што брзо се создаваат и уште побрзо исчезнуваат?* Се разбира, историјата и во дигиталната ера има свои извори, само во поинаков формат. Но, нивното истражување отвора нови методолошки предизвици – од следењето на дигиталните архиви до нивните првични извори и проверката на автентичноста на електронските документи, до обезбедувањето нивна долгорочна трајност. Тоа значи дека некои идни истражувања на минатото, како што покажува современата реалност, ќе треба да усвојат нова епистемологија на историските докази, прилагодена на нивната нематеријалност и нестабилност.

Во овој контекст, неизбежно се наметна и третото прашање: *Што ќе се случи со тактилниот пристап и однос кон историските извори во ерата на дигитализацијата?* За историчарот, живиот допир со материјалноста

на документот – неговата текстура, патина, боја, мирис, форма – има непроценлива вредност. Ако идното истражувачко сценарио предвидува дека тој непосреден контакт постепено ќе се сведува на комплементарна или дури споредна улога во толкувањето на контекстуалните информации, тогаш историските податоци, иако и натаму ќе останат точни, бездруго ќе го загубат своето човечко присуство. Поедноставно кажано, минатото, ослободено од својата физичка материјалност, би можело да се претвори во безвременска сегашност – еден вид свој привид. А ако конвенционално се смета дека историјата ја обликувала сегашноста, тогаш станува многу спорно колку сегашноста ќе има моќ да го обликува минатото во некоја далечна иднина.

Целта на оваа изложба е токму тоа – следејќи го микроисторискиот пристап, или методите на „историја одоздола“ (Е. П. Томпсон) и „жива историја“ (Р. Самуел), да понуди вистински сведоштва за едно време – такви коишто може да се видат, слушнат, помирисаат и допрат. Составена од артефакти кои претставуваат изворни документи за културниот, технолошкиот или општествениот развој на Македонија во едно не толку далечно минато, таа вклучува аудио-визуелни уреди и носачи на звук (грамофони, радиоприемници, касетофони, плочи и касети), стари часовници, шишиња, пакувања и етикети, значки, салфетки, поштенски марки, разгледници, речиси сè она што некогаш било дел од секојдневниот живот и навики. Многу од претставените експонати, без сомнение, сè уште можат да се најдат во некој домашен агол, зачувани како интимни реликвии на минатото.

Сепак, суштината на оваа изложба не се исцрпува само со материјалното претставување на минатото. Историјата, барем онаа што ја познаваме од учебниците, ја испишуваат „големите приказни“. Составена од датумите на пресвртни настани и имињата на значајни личности, таа и таква историја го подредува времето како колективно искуство што им се случува на некои трансперсонални и повеќе или помалку апстрактни ентитети – на народите, државите, цивилизациите – но ретко кому од нас лично. Систематична и дистанцирана, таа честопати изгледа како величествен методолошки

споменик, недопирлив и оддалечен од малите, секојдневни човечки приказни.

Тоа е причината што нашето размислување не се ограничи само на обезбедувањето прецизни фактографски податоци – иако тие се темелот на секоја историска дисциплина – ниту пак на стремежот кон прикажување на некаква апсолутна „вистина“ за минатото, онаа недостижна цел што никој, без оглед на трудот, не може целосно да ја изрече.

„Јас, историјата“ предлага поинаков начин на разбирање на историските факти и извори. Таа е покана да се погледне минатото одвнатре. Зборувајќи во прво лице еднина, нејзиниот наслов може да се сфати буквално, како историја што ја раскажуваат личните искуства, но и метафорично, како историја што нѐ набљудува одблизу.

Преместувајќи го тежиштето од херојскиот кон интимниот простор, изложените предмети не се дистанцирани, музејски документи, туку живи присуства, чиешто пулсирање ја реконструира минатата стварност преку допирот со меморијата.

Тука историјата добива личен глас. Тука Македонија не е сфатена како геополитички поим туку како живо ткиво составено од спомени што мирисаат на отстојано кафе и пожолтена хартија. Заснована на емоцијата и на искуството на она што било доживеано и почувствувано, оваа изложба не е приказна раскажана за некого, туку од некого. Таа е хроника на сеќавања, што ги препознава и следи трагите на една континуирана животна приказна, онаа што секој од нас ја испишува со сопствениот ракопис.

Овој носталгичен архипелаг на едно време што одбива да биде заборавено, создава емотивен континуум кој ја следи хронологијата низ малите и, понекогаш, едвај забележливи детали што ја градат големата слика. Претставените предмети се материјализирано ехо на интимната, лична историја што го обликува колективното сеќавање. Затоа се тие, во исто време, сведоштво и метафора на времето – потсетници дека минатото продолжува да живее сѐ додека има кој да го памети.

Во оваа емоционална археологија на секојдневието, посетителот не е пасивен набљудувач, туку активен соучесник во реконструкцијата на времето. Развивајќи критичка свест за тоа како материјалните остатоци ја чуваат и раскажуваат историјата, тој станува свесен дека таа продолжува да трае преку него.

Создавајќи невидлив мост меѓу минатото и сегашноста, „Јас, Историјата“ им се обраќа на сите генерации. За помладите посетители, учениците и студентите, таа е врата која води кон љубопитно откривање на еден аналоген свет, кој за нив има речиси митска димензија. За постарите, оваа изложба бездруго ќе претставува чудесна средба со предметите што некогаш биле дел од нивниот секојдневен ритам, чијшто топол допир сè уште со носталгија се чувствува.

Некаде на половина пат до местото каде што се сретнуваат времињата, живиот дијалог на генерациите ѝ дава нов здив на историјата – следејќи ја хронологијата низ нејзината човечка мерка, оваа изложба открива дека личната заменка „ние“ е составена од безбројни „јас“.

# Јас, Историјата

КАТАЛОГ



Петролејска ламба, околу 1900 година



Пегла на жар, околу 1900 година



Бутин, околу 1910



Ткаена овчарска торба, околу 1920



Порцеланска шолја за кафе и ѓезве, околу 1930



Везена слика (гоблен), 1955



Рачно плетени украси, околу 1955




Честитка за Нова Година, 1960



Женски рачен часовник „Славы“, околу 1962




Фото-апарат на филм „ЛОМО“ (модел Смена 8М), 1970




Радиоприемник со грамофон „Iskra“
(модел Portorož SSG 1300), околу 1970

„Микијев забавник“, 2 јуни 1975






Кирилична машина за пишување „UNIS“ (модел tbm de Luxe), 1977




Етикети од македонски алкохолни и безалкохолни пијалоци, 1980-тите




Билет за воз на линијата Штип – Велес, 1980-тите




Механички часовник – будилник „Insa“, 1980-тите




Вокмен „Johnson“, 1984




„Илустрована политика“, 3 јуни 1986




Детска играчка – количка „Тантал“ (модел Москвич 427 А4 аэрофлот), средина на 1980-тите




Домашен компјутер „CBM“ (модел Commodore 64), 1982

„Јас, Историјата“ – изложба на предмети
од македонското секојдневие (1900 – 1990)
НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип,
19 ноември 2025

Концепт и текст:
Анита Илиева Николовска
Оливер Цацков

Организација на изложбата:
Анита Илиева Николовска
Оливер Цацков

Издавач:
НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

За издавачот:
Ивана Биџовска

Лектура:
Бранкица Јовева

Ликовно-техничко уредување:
Анита Илиева Николовска

Фотографии:
Александар Максимов
Оливер Цацков

Печат:

Тираж:
100

CIP